**Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Платежните Агенции на Република Македонија и Република Словенија**



На ден 08.07.2015 година во просториите на Агенцијата на Република Словенија за земјоделски пазари и рурален развој во Љубљана, Директорите на Платежните Агенции на Република Македонија и Република Словенија, г-ѓа Билјана Вуковиќ и г-дин Бенедикт Јеранко потпишаа Меморандум за соработка во насока на унапредување на заедничката соработка и зајакнување на размената на знаење и искуство во областа на користењето на претпристапните европски фондови за рурален развој.



Агенциите се договорија дека ќе соработуваат при имплементација на сите заеднички активности и активности за размена на информации, знаење, искуства, консултации, ангажирање на стручни лица за потребите на Агенцијата, одржување на обуки и семинари за управување со фондовите на ЕУ и прашања од политиката на ЕУ за рурален развој, со цел што подобро да се подготви целокупниот систем во Република Македонија за користење на претпристапните

средства од ИПАРД фондовите и подоцна фондовите од Европскиот земјоделски фонд за рурален развој.